**Конзерваторско реставраторски работи на summa cavea римскиот театар во Стоби**

***Конзерваторско реставраторските работи се изведени во периодот април- јули 2022 година, од стручен тим:***

- д-р Трајче Нацев конзерватор советник, раководител на конзерваторско реставраторските работи на објект театар
- м-р Гоце Павловски, археолог, раководител на археолошките истражувања на објект театар

***Конзерваторските работи беа изведени на:***

- Радијален ѕид бр. 22
- Радијален ѕид бр. 23-
- Радијален ѕид бр. 24
- Радијален ѕид бр.25
- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 24 и 25
- Арка помеѓу радијален ѕид 27 и 28

Сите позиции се предвидени со барањето за дозвола за конзерваторско реставраторските работи и се дел од основниот проект за КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА СУПСТРУКЦИЈАТА ОД ИСТОЧНАТА ПОЛОВИНА НА SUMMA CAVEA НА ТЕАТАРОТ ВО СТОБИ.

***Отстранување на дерутиран градежен материјал***:

- Радијален ѕид бр. 22

По завршувањето со полнењето на пукнатините во зачуваниот фрагмент од сводот помеѓу радијален ѕид 22 и 23, во долните партии на источното лице, под самиот свод, извршено е отстранување на дерутиран градежен материјал

- Радијален ѕид бр.23

Конзерваторско реставраторските работи на ѕидот се започнати во 2021 година, кога се извршени  конзерваторско реставраторски работи на дел од сводот и затворање на фугите.

Во 2022 година, продолживме со конзерваторско реставраторските работи. Извршено е целосно отстранување на дерутираните површини од источното лице на ѕидот, се до “подот”, кој е констатиран со последното археолошко истражување.

- Радијален ѕид бр.24

Кај овој ѕид, отстранување на дерутиран градежен материјал, извршено е на круната и на источното и западното лице. При отстранувањето констатираме дека најголемото оштетување  е кај источното лице на ѕидот.

- Радијален ѕид  бр.25

Оваа година продолживме со конзерваторско реставраторските работи и на овој ѕид. Извршено е отстранување на дерутиран градежен материјал во јужниот дел и отстранување на оштетените камења во западнот лице на ѕидот.

- Циркуларен ѕид IV помеѓу радијални ѕидови 24 и 25

Отстранување на дерутираниот материјал (камен и малтер), од круната и од јужното и севрното лице на ѕидот.

- Арка помеѓу радијални ѕидови  27 и 28

Отстранување на градежен материјал помеѓу арката и радијалниот ѕид бр.28, на кој лежи фрагментот од сочуваната арка.

- Затварање на фуги помеѓу мермерните седишта

Извшено е чистење на фугите од градежен материјал (варов малтер) и прскање на површините кои се цел на конзерваторско реставраторските работи со пластификатор У - врска.

***Чистење и миење на ѕидовите пред надѕидувањето.***

Извршено е целосно чистење и миење на припреманите површини кои се предмет на конзерваторско реставтраторските работи.

***Надѕидување:***

- *Конзервација на радијалните ѕидови од summa cavea*

Со отстранувањето на дерутираниот материјал од лицата и од јадрото на радијалните ѕидови, кои се предмет на конзервација и реставрација се создадени услови за отпочнување со надѕидување на истите.

Надѕидувањето на ѕидовите е изведено во градежна техника opus incertum, со песочник, кој помеѓу себе е поврзуван со варов малтер.

Височините на радијалните ѕидови, по конзервацијата и реставрацијата сеуште ја немаат висината предложена согласно предложениот основен проект за КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА СУПСТРУКЦИЈАТА ОД ИСТОЧНАТА ПОЛОВИНА НА SUMMA CAVEA НА ТЕАТАРОТ ВО СТОБИ. Во оваа фаза целта на конзерваторско реставраторските работи е да се заштитат ѕидовите од понатамошно пропаѓање а во втората фаза ѕидовите ќе бидат надѕидани со висини кои се предложени во основниот проект.

- Радијален ѕид бр. 22

По минатогодишното затврање на пукнатините на сочуваниот фрагемнет од сводот помешу радијалниот ѕид 22 и 23, оваа година продолживме со конзерваторско реставраторските работи, на дело под сочуваниот свод. По отстранувањето на дерутираниот градежен материјал, изведено е надѕидување во иста градежна техника како и сочуваните партии од овој ѕид.

- Радијален ѕид бр.23

Исто како и кај радијалниот ѕид бр.22 и кај овој ѕид минатата година изведовме затварање на пукнатините на сочуваниот фрагмент од сводот. Оваа година продолживме

со конзерваторско реставраторските работи. По отстранувањето на дерутираниот материјал, изведено е надѕидување на источното и западното лице. Од источната страна извршено е надѕидување по целата должина на ѕидот а во централниот дел надѕидвањето е највисоко поради сочувано јадро. Од западната страна надѕидувањето е изведено од централниот дел до циркуларен ѕид IV а исто како и од исток, најголемото надѕидување е изведено во централниот дел. Надѕидувањето е изведено во градежна техника opus incertum со речен камен и продолжен малтер.

- Радијален ѕид бр. 24

Извршена е конзервација на источното и западното лице на радијалниот ѕид, на површните од каде беше отстранет дерутираниот материјал. На источното лице надѕидување е извршено по целата должина со различна висина. Најголема висина ѕидот ја има со спојувањето на циркулкарниот ѕид. На западното лице, поради недоистраженоста на радијалниот ѕид и поради малите финансиски средства извршено е мало надѕидување со цел да се спречи понатамошното пропаѓање на ѕидот.

- Радијален ѕид бр. 25

Западното и источното лице на ѕидот конзервирани се во 2020 и 2021 година. Оваа година по создадените услови, продолжено е со конзервацијата на јужниот дел на западнот лице. По отстранувањето на дерутираниот материја извршено е надѕидување до висината на сводот врз кој лежи патеката.

- Циркуларен ѕид IV помеѓу радијални ѕидови 24 и 25

Висините на надѕидувањето се различни: од северна страна циркуларниот ѕид ги прати висините на радијалниот ѕид бр. 26 и 27, кои се движат од 2.80 до 3.50 м. Од северната страна надѕидувањетое помало и тоа се движи од 0.60 до 1.20 м.

- Арка помеѓу радијални ѕидови 27 и 28

По отстранувањето на градежниот материјал, помешу сочуваниот дел од арката и радијалниот ѕид 28, изведено е затварање на фугите од северна и од јужна страна а потоа е изведено залевање со продолжен малтер помеѓу арката и радијалниот ѕид. Инектирање не

изведено, поради  можноста од притисокот да дојде до целосно одвојување на арката од радијалниот ѕид.

- ***Фугирање***

По завршувањето со конзервацијата и реставрацјата на радијалните ѕидови,  и затврањето на позициите на истрошените камења изведено е затварање на фугите помеѓу камењата со варов  малтер.